Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на членовите 31 и 37 од Деловникот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, а во врска со примена на член 482 од Законот за кривичната постапка, на седницата одржана на ден 07.12.2021 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**По предметите што во судот се заведени по поднесена жалба, а кои се водат по обвинителен предлог, второстепениот суд е должен да ги достави поднесоците од едната страна на увид и на одговор на другата страна заради почитување на принципот на „еднаквост на оружјата“, а јавна седница ќе се одржи доколку е истакнато барање за јавна седница во жалбата, или во одговорот на жалбата.**

**Оддел за казниви дела**